Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр.58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година), министерот за образование и наука донесе Наставна програма по предметот Македонски јазик за учениците од другите заедници што ја следат наставата на српски и босански јазик за IX одделение

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК  ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ

## што ја следат наставата на српски и на босански јазик

**за IX одделение**

**Скопје, 2020 година**

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Македонски јазик за учениците од другите заедници што ја следат наставата на српски и на босански јазик |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Одделение** | IX |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 2/72 |
| **Цели на наставна програма** | Ученикот/ ученичката:<br>- да го збогати речникот со нови лексички единици;<br>- да се оспособи за течно и јасно искажување на мислите;<br>- да ги совлада основните комуникативни вештини за да може активно и соодветно да учествува во усна или писмена коумуникација; |
| Јазични вештини | Слушање<br>Зборување<br>Читање<br>Пишување |
| **Наставни подрачја** | Јазик<br>Литература и лектира<br>Изразување и творење<br>**ЗАБЕЛЕШКА:** Поради поголема прегледност во Програмата наставните подрачја се дадени одделно, во наставата тие се тесно поврзани. Една синтаксичка конструкција, јазичен модел, се вежбаат на тематски најпогоден материјал, а во работата се испреплетуваат сите четири јазични вештини. |

| | |
|---|---|
| **Материјално-технички и просторни услови** | Наставата се организира во училница или во кабинет а по исклучок се проследува со придружни активности кои го менуваат местото на реализацијата (институции на културата, научни институции, библиотеки, кинотеки, медиотеки итн.). |

| | |
|---|---|
| **Норматив на наставен кадар** | Наставната програма ја реализираат лица со завршени студиски групи:<br><br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици, наставна насока, VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности како втор главен предмет, наставна насока VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и книжевност, наставна насока VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, наставна насока VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС (поранешна група Историја на книжевностите на СФРЈ);<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет, наставна насока VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС ;<br>- Општа и компаративна книжевност, наставна насока VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС ;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици, друга насока VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високо образовна институција;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност, друга насокаVII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС, со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високо образовна институција;<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, друга насока VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високо образовна институција;<br>- -Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, со македонски јазик друга насока, VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високо образовна институција;<br>- Двопредметни студии, наставна насока:македонски јазик и англиски јазик, македонски јазик и германски јазик и македонски јазик и француски јазик VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- -Општа и комапративна книжевност, македонски јазик и книжевност, друга насока VII/1 степен, VIA според МРК т.е. 240 кредити ЕКТС со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високо образовна институција. |

| | | |
|---|---|---|
| **ГРАМАТИЧКА СТРУКТУРА** | **Акцент –Акцентски целости**<br>**Именки-функции на именките во реченицата**<br>**Придавки – функции на придавките во реченицата – атрибут**<br><br>**Глаголи-минато неопределно свршено и несвршено време**<br>**Предлози**<br>**Сврзници**<br>**Извици**<br>**Честици**<br>**Сложена реченица-зависносложена реченица (временски, причински, последични)**<br>**Сврзници карактеристични за зависносложените реченици**<br><br>**Правопис-Правописни знаци: црта, цртичка, косацрта, надреден знак.** | **Забелешка:**<br>Наставните содржини од делот Граматичка структура треба да се реализираат постапно со многу примери, соодветно обмислени. Барањата и задачите треба да бидат разнолични при што ќе се овозможи корелација со мајчиниот јазик и користење на претходно усвоени знаења. |

| Ред. број | Резултати од учење Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да: | Содржини и поими | Активности и методи | Стандарди за оценување на постигањата<br><br>Ученикот/ученичката може да: |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Јазик** | | | |
| 1.1. | - во читање и при зборување изговара акцентски целости ; | Акцент –Акцентски целости | -Наставникот преку прашање-одговор врши континуирано поврзување со правилата за акцентирање во македонскиот јазик.<br>-Вежби за акцентски целости. Наставникот го запишува моделот-одговор, учениците ги воочуваат направените грешки и ги пишуваат во тетратка.<br>-Правилно читање акцентски целости. | 1.1.1. - ја изговора правилно акцентската целост;<br>1.1.2. – ја прочита правилно акцентската целост;<br>1.1.3. – ја напише правилно акцентската целост. |
| 1.2. | - ги воочува функциите на именките во реченицата; | Именки-функции на именките во реченицата (подмет, именски прирок, предмет) | -Активности заповторување за именки, зподмет  и прирок во реченица. Во реченици, учениците ги откриваат именките , а потоа кажуваат која е нивната функција.<br>Цвеќињата цветаат во мај.(подмет-цвеќиња)<br>Бојан е ученик.(ученик-именски дел од прирокот)<br>Јана купила книга.(книга-предмет) | 1.2.1. – ја открива именката во реченицата во функција на подмет;<br>1.2.2. – ја открива именката во реченицата во функција на именски прирок;<br>1.2.3. - ја открива именката во реченицата во функција на предмет;<br>1.2.4 - составува примери со различни функции на именките во речениците. |
| 1.3. | - ги воочува функциите на | Придавки – функции на придавките во | -Активности за повторување за | 1.3.1. – ја открива придавката во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | придавките во реченицата; | реченицата – атрибут и именски прирок | видови придавки и граматички категории кај придавките<br>–Активности за откривање придавки во одредени примери и објаснување на нивната функција<br>Добра книга.<br>Книгата е добра.<br>Се надоврзуваат на (добар) атрибут од првата реченица и на (добар) именски дел од прирокот во втората реченица. | реченицата во функција на подмет;<br>1.3.2. – ја открива придавката во реченицата во функција на именски прирок;<br>1.3.4. составува примери со различни функции на придавките. |
| 1.4. | - применува прилози на соодветно место во реченицата знаејќи ја нивната функција; | Предлози | -Активности за повторување на неменливите зборови, а  потоа се откриваат предлозите во реченици.<br>-Се запознаваат со нивното значење и нивната функција во реченицата. | 1.4.1. – ги открива предлозите во реченица;<br>1.4.2. – ги користи правилно во усно или писмено изразување;<br>1.4.3. - самостојно дава примери за примена на прилозите во реченица. |
| 1.5. | - соодветно ги користи сврзниците во усни и писмени искажувања; | Сврзници | -Со мисловна мапа учениците се воведуваат во користењето на сврзниците.<br>- Се пишува текст и од учениците се бара да ги кажат видовите зборови со акцент на сврзниците. - Учениците откриваат какви сврзници постојат.<br>- Се прави и пишува заеднички план.<br>- Синтеза- какви зборови се и зошто служат. | 1.5.1. – ги открива сврзниците во реченица;<br>1.5.2. – ги користи правилно во усно или писмено изразување;<br>1.4.3. - самостојно дава примери за примена на прилозите во реченица. |
| 1.6. | - воочува честици и ги набројува; | Честици<br>Извици | -Со мисловна мапа учениците се воведуваат во користењето на извиците/честиците. | 1.6.1. – ја објасни улогата на честиците и извиците во реченицата; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - употребува извиции во секојдневен говор. | | -Се пишува текст и од учениците се бара да ги кажат видовите зборови со акцент на извиците/честиците<br>-.Се прави и пишува заеднички план.<br>-Синтеза- какви зборови се и зошто служат. | 1.6.2. - ги користи правилно во усно или писмено изразување; |
| 1.7. | - соодветно употребува лично глаголски форми во минато неопределено свршено време; | Глаголи<br>Минато неопределно свршено време | -Наставникот  со насочени прашања ги поттикнува учениците да ги препознаат и применат глаголите кои искажуваат минато неопределено свршено време.<br>-Вежби за минато неопределено свршено време. | 1.7.1. - ги користи формите за минато неопределено свршено време; |
| 1.8. | - соодветно употребува личноглаголски форми во минато неопределено несвршено време; | Минато неопределно несвршено време | -Со помош на Венов дијаграм учениците ги откриваат сличностите и разликите меѓу минато неопределено свршено и несвршено време.<br>-Наставникот  со насочени прашања ги поттикнува учениците да ги препознаат и применат глаголите кои искажуваат минато неопределено свршено и несршено време.<br>-Вежби за минато неопределено свршено и несвршено време. | 1.8.1. - дефинира и образува минато неопредено несвршено време;<br>1.8.2. - прави разлика меѓу минато неопределено свршено и минато неопределено несвршено време;<br>1.8.3.- менува глаголи по лица и број во минато неопределено несвршено време;<br>1.8.4. - составува реченици со употреба на минато неопределено свршено и несвршено време. |
| 1.9. | - ги препознава безличните реченици; | Безлични реченици | -За полесно изучување на безлични реченици се пишуваат реченици од видот: | 1.9.1. – дава пример за безлична реченица;<br>1.9.2. – ја открива безличната |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Грми.<br>Студи во домот.<br>Ми се јаде.<br>Не се зборува за тоа.<br>Наставникот ги објаснува реченициите и учениците се поттикнуваат да разберат зошто во нив не се отвора место за вршител на дејството.Потоа учениците даваат свои примери. | реченица во текст. |
| 1.10 | - ги препознава безглаголските реченици; | Безглаголски реченици | -Во текст-реченици се анализира од кои членови се состојат речениците како:-Мили пријатели!<br>-Почитувангосподине претседателе!<br>-Оф!-Трас!-Помош!-Добар ден!<br>-Учениците во текст од учебникот бараат безглаголски реченици и ги запишуваат во своите тетратки. | 1.10.1. – дава пример за безглаголска реченица;<br>1.10.2. – ја открива безглаголската реченица во текст. |
| 1.11. | - идентификува и употребува сложена реченица;<br>- препознава видови зависносложени реченици и ги употребува во секојдневниот говор. | Сложена реченица<br>Оддносни зависносложени реченици | -Со грозд техника се повторува за сложена реченица и видови сложени реченици како и за прилошки определби.<br>-Се анализира текст-реченици во кои учениците откриваат на кој член се однесуваат и сврзниците со кои се поврзуваат односните зависносложени реченици | 1.11.1. - идентификува и употребува сложена реченица;<br>1.11.2. -препознава видови зависносложени реченици и ги употребува во секојдневниот говор; |
| 1.12. | - употребува временски зависносложени реченици; | Временски зависносложени реченици | Со грозд техника се повторува за сложена реченица како и за прилошки определби со акцент на прилошки определби за време. Прилошките определби се бара да се прошират со временски | 1.12.1. - препознава временски зависносложени реченици;<br>1.12.2. - препознава и разликува временски од други видови зависносложени реченици според |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | реченици.<br>-Ги запишуваат сврзниците за временски зависносложени реченици. | употребени сврзници;<br>1.12.3. - составува сложени реченици како и временски зависносложени реченици; |
| 1.13. | - употребува во секојдневната усна и писмена комуникација причински зависносложени реченици; | Причински зависносложени реченици | -Со грозд техника се повторува за сложена реченица како и за прилошки определби со акцент на прилошки определби за причина. Прилошките определби се бара да се прошират со причински реченици.<br>-Ги запишуваат сврзниците за причински зависносложени реченици | 1.13.1. - препознава причински зависносложени реченици;<br>1.11.2. - препознава и разликува причински од други видови зависносложени реченици според употребени сврзници;<br>1.11.3. - составува сложени реченици како и причински зависносложени реченици. |
| 1.14. | - употребува последични зависносложени реченици во усно и писмено изразување/искажување; | Последични зависносложени реченици | -Со грозд техника се повторува за сложена реченица како и за другите изучени зависносложени реченици.<br>-Потоа се преоѓа на читање на соодветни примери,анализа и синтеза да се дојде до сврзниците. | 1.14.1. - препознава сложена реченица и ја разликува од простата реченица;<br>1.14.2. - препознава последични зависносложени реченици;<br>1.14.3. - препознава и разликува причински од други видови зависносложени реченици според употребени сврзници;<br>1.14.4. - составува сложени реченици како и причински зависносложени реченици. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.16. | - ги користи соодветно интерпункциските знаци при пишувањето. | Правопис<br>Употреба на запирката во зависносложените реченици<br>Употреба на точка и запирка, цртичка и заграда | -Повторување за сложени реченици.<br>-Наставникот пишува зависносложени реченици,а учениците ја употребуваат правилно запирката<br>-.За употреба на точка и запирка,цртичка и заграда наставникот подготвува текст во кој не се ставени интерпункциските знаци.<br>-Учениците ги употребуваат соодветните интерпункциски знаци.<br><br>Методи: илустративно-демонстративен,текст-метод. | 1.16.1. – пишува реченици применувајќи ги соодветните интерпункциски знаци. |
| | | | | |

| Ред. број | Резултати од учење Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да: | Содржини и поими | Активности и методи | Стандарди за оценување на постигањата<br>Ученикот/ученичката може да: |
|---|---|---|---|---|
| **2** | **Литература и лектира** | | | |
| 2.1. | - чита со разбирање лирски поетски творби и објаснува за лирскиот субјект во песната; | Лирска песна | -Интерпретативно читање и рецитирање лирски песни;<br>-Анализа на песни по избор на наставникот и учениците; | 2.1.1. - рецитира изразно стихотворба;<br>2.1.2. - препознава и дискутира за мотиви во лирски творби;<br>2.1.3. - чита со разбирање лирски творби и коментира за стилските средства;<br>2.1.4. - идентификува лирски субјект и го објаснува во посочена песна. |
| 2.2. | - препознава и набројува белези на лирско-епски поетски творби; | Лирско- епска песна<br>Словенска антитеза<br>Реторско прашање | -Читање на лирско-епски песни;<br>-Читање песни во кои се застапени словенската антитеза и реторското прашање; | 2.2.1. - препознава лирско-епски творби;<br>2.2.2. - идентификува и дискутира за белези на лирско-епски творби;<br>2.2.3. - идентификува стилско изразно средство словенска антитеза;<br>2.2.4. - идентификува стилско изразно средство реторско прашање;<br>2.2.5. - објаснува стихови во кои |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | се сретнуваат стилските изразни средства словенска антитеза и реторското прашање. |
| 2.3. | - чита со разбирање епски поетски творби; | Епска песна | -Читање епски песни и препознавање на карактеристиките на епските песни;<br>-Опис на епскиот јунак (работа во групи); | 2.3.1. - препознава епска песна и споредува епска со лирска песна;<br>2.3.2. - идентификува атрибути на јунаците во епските песни;<br>2.3.3. - идентификува и објаснува стилски средства во епска поезија. |
| 2.4. | - чита со разбирање раскази и идентификува наратор во нив; | Расказ | -Чтање раскази ;<br>-Анализа на ликовите (главни и споредни);<br>-Вежби за откривање на настан во расказот; | 2.4.1. - чита со разбирање и ја анализира содржината на расказот;<br>2.4.2. - го открива главниот настан во расказот;<br>-ги анализира ликовите според атрибути кои ги идентификува во расказот. |
| 2.5. | - го опишува хронолошкиот ред на настаните во текст; | Роман | -Вежби за споредување на расказ и роман (работа во групи: една група чита расказ и прави анализа на истиот, а другата група прави анализа на роман);<br>-Анализа на роман, ликовите во истиот, откривање на главниот настан во романот: | 2.5.1. - чита со разбирање и ја анализира содржината на роман;<br>2.5.2. - го открива главниот настан во романот;<br>2.5.3. - ги анализира ликовите во романот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.6. | - идентификува и анализира драмски текст како различен род во литературата преку монолог и дијалог; | Драма | -Читање извадоци од драмски творби;<br>-Вежби за одредување на композициските етапи во драмските творби;<br>-Читање по улоги;<br>-Претворање на прозен текст во драмски текст;<br>-Посета на театарска претстава;<br>-Слушање радио-драма;<br>-Вежби за препознавање и разликување на дијалог и монолог; | 2.6.1. - разликува надворешни белези на драма и ги коментира;<br>2.6.2. - дискутира за ликовите во драмата преку репликите на ликовите;<br>2.6.3. - објаснува за монолог и дијалог;<br>2.6.4. - толкува куси извадоци од драмски текстови. |
| 2.7. | - чита со разбирање и толкува литературни творби; | Лектира<br>Расказот „Изложба“ од Блаже Конески (од збирката раскази Лозје)<br>„ Споменка“ /„Марта“ Горјан Петрески | -Читање и интерпретирање во усна и писмена форма на литературни творби;<br>-Прераскажување на фабула или делови од творбата;<br>-Разговор за односот на ликовите, ставовите на учениците во однос на ликовите и одредени ситуации;<br><br>Методи: метод на читање по улоги, метод на креативно пишување за претворање на прозен текст во драмски текст; проблемски метод; метод на разговор, коментар, дебата во врска со ставовите на учениците, судитивен метод за слушање радио-драма со цел правење разлика во зборувањето на актерите; | 2.7.1. - идентификува вид на литературно дело предвидено за лектира;<br>2.7.2. - детектира тема на литературното дело како и негова идејност;<br>2.7.3. - прераскажува литературно дело преку клучни настани во делото;<br>2.7.4. - набројува ликови и нивни атрибути;<br>2.7.5. - коментира за ликовите и настаните поврзувајќи ги толкувањата со непосредната околина и животните ситуации. |

| Ред. број | Резултати од учење<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да: | Содржини и поими | Активности и методи | Стандарди за оценување на постигањата<br>Ученикот/ученичката може да: |
|---|---|---|---|---|
| **3** | **Изразување и творење**<br>**Јас и другите –**вообичаени, секојдневни активности и хоби;<br>**Моето семејство-**семеен излет, прослави, родендени, празници, Нова година, подароци, гости;<br>**Училиштен живот-**распуст, екскурзии, средби на ученици, натпревари, училишни тимови, допишувања, бибиотека;<br>**Град/село –**земјоделски работи, поле, шума, природа, плоштад, булевар и др.;<br>**Култура и историја-**историски настани, обичаи за некои празници.<br>**Моето здравје-**амбуланта, поликлиника, болница, аптека, доктор, специјалист, лек;<br>**Занимливости и интереси:** музика, театар, филм, актери и музички изведувачи, оро и современ танц | | | |
| 3.1. | - пишува автобиографија и биографија;<br>- пишува состави со практична намена. | Раскажување<br>Биографија и автобиографија<br>Состави со практична намена: Пријава за упис во средно образование, Молба, Жалба | -Вежби за пишување различни форми на писмено изразување: Пријава, Молба, Жалба (пр. пишување пријава за упис во средно образование);<br>-читање делови од автобиографијата на познати личности (пр. Новак Ѓоковиќ);<br>-пишување автобиографија и биографија; | 3.1.1. - ги издвои најважните податоци од својата автобиографија;<br>3.1.2. - ја напише својата биографија;<br>3.1.3. – напише пријава за упис во средно, молба и жалба. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.2. | - искаже свој став во врска со прочитан текст; | Прераскажување | -Вежби за збогатување на изразувањето при прераскажување;<br>-Вежби за продолжување на текст со даден почеток или крај; | 3.2.1. - прераскаже прочитан текст со измена на ситуации (почеток, крај)<br>3.2.2. - прераскаже нова ситуација со нови ликови;<br>3.2.3. - прераскаже кратко со истакнување на важни моменти;<br>3.2.4. - издвои цитати кои ги прераскажува и толкува;<br>3.2.5. - го користи дијалогот во писмената изразување;<br>3.2.6. - ја прераскаже содржината на прочитан текст; |
| 3.3. | - опишува и раскажува од позиција на јас наратор; | Опишување<br><br>Две писмени работи | -Вежби за опишување на лик, личност, предмет, пејзаж, природна појава и сл.;<br>Пр. Усно или писмено изразување на тема: „Ликот/личноста која ме воодушеви со своите постапки“;<br>-пишување на тема: „Нашите авантури за време на екскурзиите“;<br><br>Методи : демонстративен метод, метод на разговор, метод на игра, текстуален метод, писмено изразување, метод на истражување | 3.3.1. - ги опише ликовите во прочитан текст или други предмети и суштества;<br>3.3.2. - портретирање на лик врз основа на претходно направен план;<br>3.3.3. - опишува пејзаж врз основа на претходно направен план; |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на** | Вреднувањето на резултатите е задолжително и се одвива според законските норми. Напредувањето и |

| | |
|---|---|
| **учениците** | оценувањето на учениците се следи постојано и се врши континуирано во текот на наставата. За напредувањето учениците се известуваат тековно со цел секогаш да бидат информирани за своите постигања и да ја имаат предвид реалната состојба. Истото претставува обид да се стимулираат за понатамошно продлабочување на знаењата. Согласно спецификите на програмата по предметот македонски јазик за заедниците, оценувањето може да се реализира преку усна и писмена форма при што комуникативната компонента ќе биде особено истакната. Формите за усна проверка на знаењата се состојат од одговори на прашања, поставување (ученички) прашања и водење кратки дијалози.<br>Пишуваниот инструмент ќе претпочита вежби во совладување на читањето со разбирање, толкување на прочитаното и усвојување на граматички структури.<br>Оценувањето се врши по определена тема, во текот на тромесечјето, полугодието и крајот на годината. |
| **Литература и други извори** | Учебник одобрен од министер за образование и наука (сликовница со прирачник за наставникот за реализација на програмските активности, дел за почетно читање и пишување на печатни и ракописни букви), интерактивнатабла, Интернет (образовнисофтвери, веб-страници), мобилниапликации. |
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | **Учебна 2020/2021 година** |
| **Институција/<br>носител на програмата** | **Биро за развој на образованието (БРО)** |
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | **бр. __—12-5971/9__________**<br>**__________17.8.2020______година**<br>**МИНИСТЕР,**<br>**Dr. Arbër Ademi** |
| **Датум на ревизија** | |